UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# СЕП 2021

## БИЛТЕН ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

14



## НАСЛОВИ


**Уводник:** локални избори стр 1

**Одговор на COVID-19 и други ОН активности** стр 2 и 3

**Во фокус** Забрзување на елиминацијата на рак на грлото на матката како јавно-здравствен проблем стр 4

**Во фокус** Youth4Climate стр 4


## ПОВАЖНИ НАСТАНИ

### АВГУСТ

- **12** Меѓународниот ден на младите го одбележаа неколку агенции на ОН.
- **19** Светскиот ден на хуманитарноста беше одбележан под темата #Човечката раса и фокус на климатските активности.
- **23-26** Центарот за право на бегалци и миграција на Правниот факултет Јустинијан Први, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, во партнерство со претставништвото на УНХЦР во Северна Македонија и во соработка со Меѓународниот институт за хуманитарно право - Санремо, Италија, ќе биде домаќин на второто издание на Летна школа за бегалци и миграција

### СЕПТЕМВРИ

- **7** УНХЦР одржа онлајн обука за интеграција и социо-економска вклученост за клучните партнери кои работат на локална интеграција

www.facebook.com/1un.mk

www.twitter.com/1UN_MK

# УВОДНИК од постојаниот координатор на ОН

Изборите означуваат време за нови ветувања. Политичките партии на власт ги сумираат своите успеси, додека нивните противници се фокусираат на слабостите. И сите даваат ветувања – ако во следниот период им се даде шанса, ќе направат подобро и повеќе за граѓаните.

Изборите се исто така можност за размислување. Особено пред локалните избори, граѓаните размислуваат за придобивките за нивната заедница и ги мерат ветувањата и резултатите во однос на секојдневни потреби. Дали сум безбеден во мојата населба? Дали е премногу бучно? Дали отпадот го собираат на време? Дали имам парк во близина? Дали прекршоците се санкционираат подеднакво? Каде можам безбедно да возам велосипед?

Слушајќи ги новите ветувања, граѓаните и заедниците размислуваат за нивното искуство со претходните власти и го прават својот избор врз основа на две клучни прашања: Што значи тоа за мене? Дали можам да верувам на некој од кандидатите дека ќе испорача резултати? Недовербата, којашто резултира со одлука да не се гласа е најлошиот можен исход. Колку повеќе граѓаните се воздржани, толку е помала веројатноста локалните власти да се застапуваат за нивните потреби и да се постигне компромис околу нивната одговорност. Оттука, одговорноста е споделена: граѓаните треба цврсто и гласно да се залагаат за своите права и избори; а политичарите треба да слушаат, да испорачуваат резултати и да информираат.

Северна Македонија ја потпиша Агендата 2030 за одржлив развој во 2015 година и ја потврди обврзаноста за нејзино спроведување многупати оттогаш. Но, Агендата 2030 е првенствено обврска кон луѓето и може да се унапреди само ако се спроведува на локално ниво. Локалниот развој е местото каде целите за одржлив развој (ЦОР) добиваат личен карактер и практична примена. На пример, меѓу другото, ЦОР 3 (Здравје) се однесува на одржување на нивото на загаденост и бучава во заедницата во рамки на границите, ЦОР 5 (родова еднаквост) значи дека во близина има целосно функционална градинка, така што родителите ќе можат порано да се вратат на работа; ЦОР 11 (Одржливи градови) значи безбедно и брзо патување до работа, ЦОР 16 (Добро управување) се однесува на ефективна заштита од пожари/поплави/земјотреси.



Одржливиот развој не е само збир на 17-те ЦОР, туку комплетна загатка и алатка што го води развојниот пат на земјата, од долу нагоре. Фактори коишто најмногу влијаат на одржливиот развој на локално ниво се институционален капацитет и опкружување коешто овозможува активна вклученост на мрежите од заедницата и најуспешните од јавниот и приватниот сектор, како и граѓанското општество.

Оттука, изборите претставуваат можност и единствена шанса да се изгради партнерство помеѓу локалните власти и граѓаните за заедничко остварување на одржливите цели што сите ги споделуваме. По неколку години поминати овде во земјава, ми се чини дека потребите на луѓето во Северна Македонија не се разликуваат од било каде во светот - тие сакаат закон и ред и сè повеќе сакаат безбедна, чиста и зелена средина. Изгледа едноставно, но сепак тоа бара широк и интегриран пристап, силни партнерства и целосна транспарентност.

Затоа, искористете ја оваа шанса - гласајте за одржлив развој! Започнете со преточување на целите за одржлив развој во партиските програми, одберете ги оние за кои мислите дека би ги дале најдобрите резултати и помогнете им да го направат тоа. Како и секогаш, семејството на ОН стои цврсто на ваша страна за да ве поддржи во овој процес.

Росана Дуџак
Постојан координатор на Обединетите нации во Северна Македонија

# ОДГОВОР НА COVID-19 И ДРУГИ ОН АКТИВНОСТИ

Агенциите на ОН продолжуваат да ги поддржуваат интервенциите за ефективно закрепнување од КОВИД-19 за прашања во рамките на нивните соодветни области на експертиза.

**УНИЦЕФ** продолжува да се залага дека не треба да се чека за повторно отворање на училиштата и работи со партнерите за да се осигура дека сите деца можат безбедно да се вратат во училиниците од почетокот и во текот на целата учебна година. Во Северна Македонија е забележано најдолгото затворање на училиштата за време на пандемијата со КОВИД-19, а учениците посетуваа настава на далечина вкупно 54 седмици.

Во подготовките за повторно отворање на училиштата, петнаесет училишта коишто беа идентификувани од Институтот за јавно здравје и Државниот просветен инспекторат добија мобилни станици за миење раце за да ги подобрат своите капацитети за вода, санитација и хигиена, како донација од УНИЦЕФ и УСАИД.

УНИЦЕФ го поддржа создавањето на првата национална платформа за дигитални интерактивни учебници. Насловена како Е-библиотека, оваа платформа е дел од континуираното проширување и надградба на иницијативата Едуино. Е-библиотека во моментов нуди дигитални интерактивни учебници за учениците во 4то одделение на 5 локални јазици. Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието се сопственици на платформата и ги имаат правата на сите учебници коишто се достапни во моментов. Долгорочната визија е Е-библиотеката да стане централно место за целиот дигитален наставен материјал, вклучително и учебници, работни книги, аудио нарации и сл. и истите да бидат бесплатно достапни за учениците. Онлајн апликацијата за платформата е надополнета со апликации за Android и Windows што им овозможуваат на учениците да пристапат до дигиталните интерактивни учебници дури и во заедниците со послаба конекција. Министерството дополнително ја поддржа оваа иницијатива преку набавка на 30.000 таблети Андроид за децата кои немаат компјутер и/или интернет врска дома.

**СЗО** Северна Македонија започна со имплементација на теренски активности во заедниците за подигнување на свеста за вакцинацијата против КОВИД-19 и заштитните мерки, коишто се насочени кон здравствените работници, постарите лица и ромската популација. Активностите за промовирање на безбедно однесување беа особено фокусирани на следниве области: патување и туризам, живот на отворено (социјални собири, фестивали, свадби) и повторно отворање училишта. Д -р Џихан Тавила, претставник на СЗО во Северна Македонија, имаше главно обраќање на шеснаесеттата годишна меѓународна конференција за европски интеграции „Пост-пандемиска одржливост во Европа" - AICEI2021 што се одржа онлајн на 16 септември 2021 година, во организација на Универзитетот Американ колеџ во Скопје. Д -р Тавила ја нагласи важноста за подобра подготвеност за иднината и потребата да се даде централно место на здравјето во општеството.

Во рамките на проектот за родово-одговорно буџетирање на **UN Women**, „Finance Think " изработи 5 проценки за родово буџетирање, кои даваат преглед на родово-одговорните иницијативи спроведени во општините Ѓорче Петров, Кочани, Струмица, Свети Николе и Велес за ублажување на ефектите од КОВИД -19 кај жените и мажите. Проценките содржат и препораки за политиките и буџетот на општините за вклучување на родовата компонента во локалните програми и буџети за подобро да се одговори на потребите по вонредната состојба со КОВИД-19.

# OTHER UN ACTIVITIES

**Фонд за население на Обединетите нации - УНФПА** започна со имплементација на проектот „Превенција и заштита од родово базирано насилство во Северна Македонија", финансиран од Британската амбасада во Скопје. Проектот ќе ја поддржи Владата на Северна Македонија да вклучи и спроведе интегрирани политики за родово базирано насилство (РБН) низ целата држава, во согласност со принципите на Истанбулската конвенција (ИК). Имплементација на ИК ќе се поддржува преку преку цврста меѓуресорска рамка на закони и политики и со зајакнати податоци коишто се однесуваат на сторителите и преку кои се влијание на медиумите, со цел жените и девојчињата да се ослободени од сите форми на насилство и закана од такво насилство.

УНФПА продолжува да ги поддржува националните заложби во областа на подобрување на здравствените исходи кај




ЕКО програма на CINEDAYS е организирана за да се промовира важноста од заштита на животната средина

мајките и новороденците. Во тесна соработка со Министерството за здравство и Комитетот за безбедно мајчинство, како што е предвидено во рамките на Националниот план за перинатална нега за 2020 година и придружниот план за имплементација, УНФПА го организираше првиот круг обуки за гинеколози/акушери и бабици во областа на ефективна перинатална нега, за установи на ниво 1. 35 учесници од општите болници во Гостивар, Прилеп, Струга, Охрид и Кичево присуствуваа на обуките спроведени од сертифицирани обучувачи од Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, исто така обучени од УНФПА.

Во регионот на Источна Европа и Централна Азија (ИЕЦА), ракот на грлото на матката е една од водечките причини за смртност кај жените во репродуктивна возраст. Како одговор на таквата состојба, и како дел од регионалната интервенција на УНФПА во ИЕЦА, УНФПА Северна Македонија спроведе национална проценка на капацитетите и подготвеноста на земјата да ја спроведе глобалната стратегија на СЗО за забрзување на елиминацијата на ракот на грлото на матката објавена во 2020 година. Врз основа на проценката, приоритетите на земјата ќе бидат идентификувани во наредниот период, како и идната поддршка од УНФПА Северна Македонија во оваа област.

УНИЦЕФ објави U-Report како платформа за зајакнување на младите да го споделат своето мислење за прашања за кои се загрижени и за да станат позитивни агенти за промени во нивните заедници. Извештајот беше објавен на консултативен настан во Градскиот парк во Скопје, заедно со млади луѓе, носители на одлуки, меѓународни организации и експерти.

На онлајн работилницата за осмислување на дизајн, на пет тимови од млади луѓе на 13-19 годишна возраст им беа доделени по 120.000 денари за да го реализираат своето иновативно решение за намалување на штетните ефекти од климатските промени и заштита на животната средина.

По прв пат на 20- годишниот филмски фестивал CINEDAYS, УНИЦЕФ и партнерите заедно со Младинскиот културен центар подготвија ЕКО програма за да се промовираат активности за важноста на заштитата на природната средина и давањето одговор на климатските промени. Тоа беше придружено со прикажување на документарниот филм „Јас сум Грета" на филмскиот фестивал „Македокс", како и подигање на еколошката свест кај младите преку музика и уметност на музичкиот фестивал „Здраво Млади".

УНИЦЕФ, поддржува развој на Национална стратегија за правда за децата во Република Северна Македонија [2022-2026] и Акциски план [2022-2023]. Стратегијата се развива во тесна соработка со Државниот совет за превенција на детско престапништво, со поддршка од меѓународен експерт, преку серија работилници и консултации, а истата ќе биде усвоена до крајот на 2021 година. Активностите се дел од проектот финансиран од ЕУ и кофинансиран од УНИЦЕФ „Правда за децата-ЕУ за правда по мерка на малолетниците и децата". Целта е да се олесни пристапот до правосуден (малолетнички) систем којшто е сензитивен на деца, родово сензитивен и добро опремен, и притоа е заснован на сеопфатна национална законска рамка и меѓусекторска соработка помеѓу институциите за правда за деца, социјална заштита, здравје и/или образование,

На 24-25 јули 2021 година, **ИОМ** Северна Македонија организираше работилница во Скопје за зајакнување на мрежите на родители од девет различни заедници во земјата. ИОМ ќе работи со локалните чинители со цел овие групи да станат формални и да можат да дејствуваат како еден од практичарите во првите редови во градењето отпорност кај родителите и младите.

Исто така, во текот на месец јули беше организирана работилница за медиумска писменост во Пласница. Преку овие работилници, младите се едуцираат да станат критични корисници на медиумите, вестите и информациите. Овие работилници и понатаму ќе бидат насочени на принципите на објективно новинарство, критика за изворот и медиумски стратегии за манипулација што ќе ги оспособи учесниците да примаат и споделуваат информации на критички, свесен и одговорен начин.

Со поддршка од Владата на Обединетото Кралство, УНИЦЕФ, Министерството за труд и социјална политика и партнерите ги отворија првите два центри за поддршка на згрижувачки семејства во земјата за да се промовира грижа во семејство за децата без родителска грижа и да се обезбеди поддршка за новите и постојните згрижувачки семејства. 7 УНИЦЕФ придонесе за системот за згрижување преку техничка помош за стандарди за згрижување, процедури, комплети со алатки, материјали за обука и специјализирани модули за професионалци, како и реновирање на просториите и набавка на опрема во Скопје.

**УНХЦР** и **УНДП** ја пилотираат заеднички развиената алатка за ЦОР за принудно раселување и без државјанство во Северна Македонија. Алатката може да биде од суштинска важност во унапредувањето на стратешките цели на двете организации. Истата обезбедува добра и флексибилна/прилагодлива рамка

# ОН АКТИВНОСТИ (продолжува)

и структура за подобрување на соработката на агенциите и проширена вклученост на повеќе засегнати страни за прашања од заеднички интерес.

Со почетната сесија, УНХЦР го претстави својот новоформиран Тим за надворешна прогноза. Оваа иницијатива вклучува тим од уметници, активисти, интелектуалци и влијателни лица за да експериментираат, да донесат нова перспектива во работењето и да го зајакнат застапувањето во областите на мандатот на УНХЦР.

На 26 август, УНДП и германската влада донираа компјутерска опрема за Министерството за внатрешни работи за да се овозможи поефикасна контрола за мало и лесно оружје (МЛО).

УНДП започна иновативни пилот мерки во рамките на Оперативниот план за активни мерки на пазарот на трудот. Околу 210 невработени лица кои ќе ја поминат програмата за обука и ќе станат лиценцирани даватели на услуги, ќе им биде понудено работно место во некои од постојните ГО/даватели на услуги кои сакаат да го прошират својот опсег или ќе им се понуди можност да ги здружат силите и да основаат сопствен деловен субјект.

УНДП го започна новиот годишен циклус на програмата „Општествено-корисна работа" со избор на 56 општини и ангажирање на 500 невработени лица како даватели на социјални услуги за различни ранливи групи, како што се Ромите, лицата и децата со попреченост и постарите лица од локалните заедници.



Новата програма за Општествено-корисна работа ќе се спроведува во 56 општини

Донацијата е направена како дел од проектот „Подобрување на националните практики за контрола на МЛО и градење резилиентни заедници", чија главна цел е да се намали злоупотребата на мало и лесно оружје, како една од најчестите причини за вооружени инциденти во земјата. Донацијата на оваа опрема претставува само еден сегмент од целокупниот проект, преку кој ќе се надгради информативниот систем на Министерството за внатрешни работи, и дополнително, преку развојот и имплементацијата на полицискиот информативен систем, ќе обезбеди дигитализација и подобрување на оперативните процеси и забрзување на институционалната размена на информации.

На 20 септември, УНДП ReLOaD2 беше официјално започнат. Ова е втора фаза од проектот, чијашто главна цел е зајакнување на партнерството меѓу општините и граѓанските организации преку транспарентна распределба на средства наменети за проектни активности коишто ќе бидат од полза на граѓаните. ReLOaD2 ќе се спроведува во периодот 2021 - 2024 година во осум партнерски општини, односно, Куманово, Гостивар, Битола, Охрид, Велес, Гевгелија, Кочани и Крива Паланка. Проектните активности вклучуваат обуки за вработените во општините, поддршка на проекти од интерес на јавноста што ги спроведуваат граѓанските организации, како и обуки за ГО за зајакнување на нивниот капацитет за подготовка на проекти. ReLOaD2 е финансиски поддржан од Европската Унија.

УНДП и Министерството за финансии ја најавија заедничката борба против неформалната економија во земјата како дел од проектот „Реформа за управувањето со јавните финансии". Главните активности ќе се фокусираат на препознавање и намалување на сивата економија со прецизно мапирање на секторите каде што е најзастапена и идентификување на главните причини за нејзина појава. Тимот на УНДП е силно посветен да ги поддржи напорите на Владата да го трансформира националниот систем за управување со јавните финансии и да создаде поволно деловно опкружување коешто ќе доведе до намалување на неформалната економија. Проектот се спроведува со финансиска и експертска поддршка на Министерството за финансии на Република Словачка.

Во рамките на тековната поддршка за пристапните преговори со ЕУ, **УНОПС** организираше обука на тема „Меѓународна соработка во кривичната материја" за претставниците на Министерството за правда и Секретаријатот за европски прашања, фокусирана на ново усвоениот Закон за соработка во кривичната материја и неговите импликации за пристап до ефикасна и ефективна правда, како и влијанието на меѓународните документи и меѓународните судови на правосудниот систем. Покрај тоа, беше организиран уште еден круг на обука за вработените кај Народниот правобранител за принципите и техниките на водење истраги и спроведување ефективни испитувања во согласност со стандардите на ЕУ и меѓународните стандарди.

Изјавата за поддршка на студијата за валоризација на Охридското Езеро беше потпишана од општините во регионот на Охрид на 22 септември, во рамките на проектот ГЕФ/**УНЕП** СТАРТ5. На свеченоста, МЖСПП официјално ги предаде документите за прифаќање на локацијата Рамсар на општините Охрид, Струга и Дебрца.

Претставници на Државниот завод за ревизија, Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика учествуваа во регионалниот настан организиран од UN Women за вклучување на родот во управувањето со јавните финансии и за улогата на интегрираните системи за финансиско управување, што се одржа во Тирана, Албанија (7- 8 септември 2021 година). За време на настанот беше презентиран напредокот во спроведувањето на родово одговорното буџетирање во Северна Македонија и тековните процеси за унапредување на правната и институционалната рамка за зајакнување на родовата еднаквост, со финансиска поддршка од Шведската меѓународна агенција за развој - Сида и Швајцарската агенција за развој и соработка.

Претставниците на општините Карпош, Македонска Каменица, Виница, Чашка, Делчево, Кавадарци, Македонски Брод ги проширија своите знаења и вештини за креирање родово одговорни програми и буџети преку анализа на податоци и информации од родова перспектива за време на тридневна работилница (15- 17 септември 2021 година) во организација на UN Women.

Во рамките на регионалната програма на UN Women „Имплементација на норми, менување на умот", финансирана од Европската унија, Македонскиот Хелсиншки комитет за човекови права организираше завршна сесија на темата „Како да се зајакне улогата на граѓанското општество во спроведувањето на Истанбулската конвенција"? (13 септември). На настанот одржан на 13 септември, учесниците дискутираа за првиот нацрт -извештај во сенка за GREVIO, изработен од девет граѓански организации членови на Платформата за родова еднаквост.

Регионалната директорка на UN Women за Европа и Централна Азија, Алија Ел-Јасир и шефицата на канцеларијата, Весна Ивановиќ-Кастареде одржаа говори на конференцијата „Жените во надворешната политика" во Скопје (14-15 септември), организирана од Министерството за надворешни работи. За време на мисијата во Северна Македонија, регионалната директорка Алија Ел-Јасир разговараше за стратешките пристапи за зајакнување на механизмите за отчетност и унапредување на родовата еднаквост со партнерските институции на UN Women Скопје во земјата. Тука беа вклучени дискусии за зајакнување на улогата на Државниот завод за ревизија за унапредување на примената на родово одговорно буџетирање и формирање на првиот Ресурсен центар за РБН во соработка со Министерството за труд и социјална политика.

УНХЦР, заедно со Македонското здружение за млади правници (МЗМП) и Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) доделија Новинарски награди за 2020 година на новинарите кои, во текот на претходната година, придонесоа за медиумскиот пејзаж со професионални прикази и фотографии за состојбата на бегалците и лицата без државјанство во Северна Македонија. Оваа активност е финансирана од Повеќепартнерскиот фонд за миграции.

УНХЦР ја започна годишната партиципативна проценка со лицата од интерес во соработка со властите и партнерските организации. Вежбата се состои од серија дискусии со бегалци и баратели на азил со цел заеднички да се разговара за предизвиците со коишто се соочуваат, да ги разберат нивните капацитети и да ги слушнат нивните решенија за надминување на предизвиците. Наодите од дискусиите ќе се користат за обликување на понатамошните планови, стратегии и интервенции, со цел соодветно да се отсликаат и ставовите на бегалците и барателите на азил.

Во согласност со приоритетите на УНХЦР за инвестирање во младите и образованието, УНХЦР Северна Македонија потпиша Меморандум за разбирање со Универзитетот Гоце Делчев од Штип. Меморандумот се темели на добро воспоставените релации меѓу вклучените страни, вклучително и учеството на Меѓународна конференција за надворешен ангажман и соработка со трети земји: Проект за Деконструирање на формалното и неформалното во политиките за миграции и азил (МАПС).

На 15-16 септември 2021 година, ИОМ го организираше првиот Регионален состанок за алтернативи на имигрантскиот притвор на Западен Балкан, што се одржа во Белград. Регионалниот состанок ја подигна свеста за придобивките и најдобрите практики за Алтернатива на притвор ( АТD) помеѓу властите во Западен Балкан и започна дискусии за развој на пилот проекти за АТР во регионот. Врз основа на овој првичен состанок, ИОМ ќе работи со националните власти на Западен Балкан за да развијат одржливи пилот проекти за АТР во иднина за да се обезбеди почитување, заштита и остварување на правата на мигрантите, во согласност со Целта 13 на Глобалниот договор за миграции: Притворот за имиграција да се користи како последна расположлива мерка и да се работи на алтернативи.

# ВО ФОКУС Забрзување на елиминацијата на рак на грлото на матката како јавно- здравствен проблем

Секоја година, повеќе од 570.000 нови случаи на рак на грлото на матката и 311.000 смртни случаи од оваа болест се случуваат на глобално ниво и според предвидувањата овие бројки ќе се зголемат на над 700.000 нови случаи и 400.000 смртни случаи годишно до 2030 година. Најголемиот број на нови и смртни случаи се појавуваат кај обесправените жени кои живеат во земји со ниски, и ниско и високо средни приходи, на кои генерално им недостасуваат ефективни програми за превенција од рак на грлото на матката-ХПВ вакцинација и скрининг на грлото на матката-кои се вообичаени во земји со високи приходи (види слика 1).

Постојат докажани, исплатливи методи за елиминирање на ракот на грлото на матката, но истите сè уште немаат широко примена во земјите со најголемо оптоварување со болеста. Во мај 2020 година, Светското здравствено собрание ја усвои Глобалната стратегија за забрзување на елиминацијата на ракот на грлото на матката како јавно-здравствен проблем, со цел сите земји да достигнат стапка на инциденца под 4 на 100.000 жени. Стратегијата се фокусира на три главни столба на дејствување:

- ◊ Превенција преку вакцинација
- ◊ Цервикален скрининг и лекување на преканцерозни лезии
- ◊ Лекување и палијативна нега за инвазивен рак на грлото на матката

Исто така, се препорачува и групата цели, познати како цели 90-70-90, коишто треба да се постигнат до 2030 година:

- ◊ 90% од девојчињата целосно вакцинирани за ХПВ до 15 -годишна возраст;
- ◊ 70% од жените прегледани со тест со високи перформанси до 35-годишна возраст и повторно до 45-годишна возраст;
- ◊ 90% од жените идентификувани дека добиле лекување за болест на грлото на матката, вклучувајќи:
- ◊ 90% од жените со пред-канцерозни состојба се лекувани.
- ◊ 90% од жените со инвазивен рак се излекувани

Рак на грлото на матката во Источна Европа и Централна Азија

Во споредба со Западна Европа, бројот на нови случаи и смртни случаи од рак на грлото на матката е до 10 пати поголем во Источна Европа и Централна Азија (ЕЕЦА), каде што болеста е втората најчеста причина за смрт од рак кај жените во репродуктивна возраст. Постојат јасни докази дека повисоката стапка на инциденца и смртност моментално забележана во регионот се должи првенствено на недостаток на:

- ◊ Ефективни програми за скрининг на грлото на матката (вклучувајќи третман на сите клинички релевантни пред-канцерозни лезии);
- ◊ Распространети програми за ХПВ вакцинација; и
- ◊ Пристапно, висококвалитетно лекување на рак на грлото на матката

Во Северна Македонија, околу 150 нови случаи се регистрирани годишно во текот на изминатите неколку години, а околу 60 пациенти годишно умираат поради состојби поврзани со болеста.
Во изминатата деценија, направени се значителни инвестиции во областа на превенција преку ХПВ скрининг и вакцинација. Процентот на девојчиња опфатени со две дози вакцина, обезбедени преку државниот буџет, изнесува 57,8% во 2019 година и 54,7% во 2018 година.
УНФПА Северна Македонија ги поддржува соработниците во земјата околу развојот на упатства, подобрување на процесот на скрининг и градење на капацитетите на здравствените работници во согласност со најновите научни докази.

Figure 1: Comparison of national HPV vaccination and cervical screening programme implementation vs cervical cancer incidence and mortality




Понатаму, се постапува и во однос на поттикнување заедничка размена на знаења меѓу здравствените работници, креаторите на политики и професионалните здруженија.

Поради различностите и нееднаквостите меѓу земјите од ИЕЦА во однос на контролата и грижата за ракот, од суштинско значење е да се примени регионален пристап за споделување на ресурсите, олеснување на соработката помеѓу земјите во развој на југот и зголемување на координираната акција меѓу земјите за поефективно решавање на овој проблем. За таа цел, иницијативата за формирање регионална алијанса за превенција од рак на грлото на матката (Алијансата) беше отпочната од Регионалната канцеларија на УНФПА ИЕЦА, со поддршка од 17 канцеларии на УНФПА во регионот на ИЕЦА, вклучително и Северна Македонија. Тоа претставува доброволен сојуз на креатори на политики, технички институции, експерти и лекари од сите земји во регионот.

# ВО ФОКУС **Youth4Climate**

Речиси 400 млади луѓе од 186 земји -членки на Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени (UNFCCC) се приклучија на состанокот Youth4Climate: Driving Ambition' што се одржа во Милано на 28-30 септември за да се разработат конкретни предлози за креаторите на политиките на настанот пред одржување на COP26. Овие предлози ќе бидат пренесени на COP26 во Глазгов во месец ноември. Состанокот во Милано е дел од процесот за вклучување на младите луѓе во процесот на климатските преговори на ОН.

Северна Македонија беше претставена од двајца млади делегати, Ангела Бушеска и Насер Велиу, кои ги претставуваат ставовите и позициите на младите од оваа земја. УНИЦЕФ во Северна Македонија, заедно со италијанската, британската и шведската амбасада ги поддржаа Ангела и Насер во нивните подготовки и дизајнираа процес на консултации, каде се користеше процес на младински консултации со U-report и „Повторно обмисли ја иднината“ за да се соберат ставовите на стотици млади луѓе од Северна Македонија.

Младинските делегати се вклучија во дијалог за решавање на главните итни состојби и приоритети за климатска акција преку работа на четири теми: 1) Амбиција предводена од младите; 2) Одржливо закрепнување; 3) Ангажман на недржавни чинители; 4) Климатски свесно општество. Секоја тема беше разгледана од работна група којашто беше предводена од две лица: младински претставник и висок експерт од меѓународни организации. Главните теми за кои се дискутираше во секоја тематска област беа:

1. Амбиција предводена од младите -оспособување на младите луѓе да заземат став и да го искористат својот колективен глас за да се спроведе климатска политика, насочена кон младите, на локално, национално и меѓународно ниво

2. Одржливо закрепнување - дискусии фокусирани на Енергетска транзиција и Зелени работни места; Адаптација и резилиентност; Решенија базирани на природата; Финансиски текови; и Туризам.

3. Ангажман на недржавни чинители - пет клучни области кои се дискутира се: Храна; Претприемништво; Спорт; Мода; и Уметност.

4. Климатски свесно општество - Раскажување приказни коишто имаат влијание: Образование, Мобилизација на јавноста, и Медиуми се темите во оваа тематска област.

По одржувањето на „Youth4Climate - Driving ambition“ во Милано и пред COP26 во Глазгов, УНИЦЕФ во Северна Македонија заедно со италијанската, шведската и британската амбасада ќе го поддржат националниот „Младински климатски самит“ предводен од млади луѓе во Скопје за да ги ангажира младите во понатамошната подготовка на младинската климатска декларација и за дијалогот со функционерите во земјата.

The latest version of the Sustainable Development Bulletin is available on UN North Macedonia website. For additional information, please contact rc-northmacedonia@un.org. Produced by the UN Resident Coordinator's Office in North Macedonia | 10 June 2021

**www.un.mk**